Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 02-9092/2
Скопје/Shkup________година/viti
12 -10- 2023

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за делумно поништување на Одлука за избор на кандидати по јавен оглас број 02-9092/1 од 19.09.2023 година и за неизвршен избор на кандидат по јавен оглас за вработување на работник

1. Одлуката за избор на кандидати по јавен оглас за вработување на работници број 02-9092/1 од 19.09.2023 година, со која за извршители на работно место Специјалист за експропријација, во Проектна единица за спроведување на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија се избираат лицата Ирена Шекутоска Јанакиевска и Александра Чивлачки, делумно се поништува за еден извршител и тоа за лицето Александра Чивлачки.

2. За извршител на работите од работно место Специјалист за експропријација, во Проектна единица за спроведување на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп – Битола) за 1 извршител не се врши избор на кандидат.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција во постапка за избор на кандидати за вработување на работници формирана со Решение бр.04-6991/3 од 25.07.2023 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на работници за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, а по објавениот оглас за вработување на работници број 2/23 објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на ден 26.07.2023 година, спроведе постапка согласно Законот за работните односи.

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување, комисијата изврши проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени со огласот, проверка на приложените докази кон пријавата за што состави Записник број 04-6991/15 од 31.08.2023 година, спроведе интервју и до Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта достави конечна ранг листа на кандидати број 04-6991/17 од 15.09.2023 година.

Врз основа на утврдената ранг-листа од најуспешни кандидати по оглас број 2/23 од 26.07.2023 година, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесе Одлука за избор на кандидати по јавен оглас за вработување на работници број 02-9092/1 од 19.09.2023 година, со која за извршители на работно место Специјалист за експропријација, во Проектна единица за спроведување на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија се избираат лицата Ирена Шекутоска Јанакиевска и Александра Чивлачки.

По конечноста на одлуката избраните кандидати беа повикани да пристапат кон потпишување на договор за вработување.

Избраниот кандидат Ирена Шекутоска Јанакиевска склучи договор за вработување во превидениот рок, додека пак на избраниот кандидат Александра Чивлачки и беше доставено известување со кое беше повикана да пристапи кон потпишување на договор за вработување, во рок од 3 (три) ден од приемот, а во спротивно ќе се смета дека нема да пристапи кон потпишување на договорот и одлуката за избор ќе биде поништена.

Со оглед да кандидатот Александра Чивлачки не пристапи кон потпишување на договор за вработување, се донесе одлука како во диспозитивот.

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Јавното претпријатие за државни патишта.

Директор
Ejup Rustemi

Доставено до:

- Именуваната
- Одделение за човечки ресурси и општи работи
- Сектор за финансии
- Архива

Изработил: Роксанда Јованова
Контролирал:Биљана Цветковиќ
Даниела Тасевска
Одобрил: Сузана Атанасова